**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Градоначалник**

[redacted]

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002) и член 96 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Неготино (,,Сл. Гласник на Општина Неготино“ бр.3/2006), Градоначалникот на Општина Неготино, донесе


Број 11-23/1
Дата 12.01.2026год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440Неготино
Република Северна Македонија

Тел. (043) 361-045
Ф: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk


# ОДЛУКА

за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација

Член 1

Да се организира јавна анкета и јавна презентација за Нацрт - **Детален урбанистички план за Урбана единица 4, дел од Блок 13 (помеѓу улиците Маршал Тито, Ставре Ставрев и Ацо Аџи Илов), општина Неготино**, според урбанистичка документација изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје со технички број со тех. бр. 75/2025 од декември, 2025 година .

*Член 2*

Јавниот повик за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација да биде објавен 15 дена пред започнување на Јавната анкета, во согласност со член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

*Член 3*

Јавната анкета да трае 30 (триесет) дена од денот објавен во Јавниот повик.

*Член 4*

Во текот на траењето на Јавната анкета ќе се спроведе Јавна презентација.

*Член 5*

Планот за време на јавната анкета и јавната презентација, да биде изложен на јавно место и презентиран во електронска форма.

*Член 6*

Заинтересираните граѓани и правни лица, во предвидениот рок за Јавна анкета може да дадат свои забелешки на АНКЕТНИ ЛИСТОВИ кои може да ги добијат во архивата на Општина Неготино.

*Член 7*

Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Општина Неготино
Градоначалник
Марија Нацева